A- A A+

(https://www.facebook.com/mvr.gov.mk/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ
Последни вести (/vesti)
Министерство (/page/ministerstvo)
Фото галерија (/foto-galerii)
(/default)
МИНИСТЕРСТВО (/page/ministerstvo) АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ (/analizistatistiki/site) ПРОЕКТИ И КАМПАЊИ ЛЕГИСЛАТИВА ЛИНКОВИ УСЛУГИ (/page/vidovi-uslugi) МЕДИА ЦЕНТАР

Дневни билтени

**2015**

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

**2016**

**2017**

**2018**

**2019**

**2020**

## Извадок на дел од дневни настани 25.01.2019

На 24.01.2019 година околу 17.25 часот во село Сарај, скопско, се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „Опел Корса" со скопски регистарски ознаки, управувано од О.С.(38) од село Арнакија, скопско, патничко возило „Фолксваген Голф" со тетовски регистарски ознаки, управувано од Б.И.(31) од село Нераште, тетовско и патничко возило „Фолксваген Голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.Т.(46) од село Грчец, скопско. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобило двегодишно девојче од село Нераште -сопатничка во возилото „Голф " со тетовски ознаки. Таа била пренесена на комплексот клиники „Мајка Тереза". Со телесни повреди се здобиле и возачот на возилото „Голф" со тетовски ознаки и сопатниците – тригодишно дете и С.И.(21), сите од село Нераште. По укажаната помош тие биле пуштени на домашно лекување. Извршен е увид на местото.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Прилеп поднесе кривична пријава против Д.Б.(46) од Скопје, Т.Б.(50) од Скопје и С.Д.(68) од Битола поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,Перење пари и други приноси од казниво дело", против Ж.Ѓ.(51) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,помагање" во врска со ,,перење пари и други приноси од казниво дело" и против „Дејо Интернационал" ДООЕЛ Скопје, „Мастерлине Интернационал" ДОО Скопје и „Темевикс - Инг" ДОО Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,перење пари и други приноси од казниво дело". На 10.12.2014 година првопријавениот - како сопственик и управител на петтопријавеното правно лице, изготвил лажна фактура со износ од 1.814.250 денари со вклучен данок на додадена вредност од 276.750 денари за укоричување на рекламен материјал на шестопријавеното правно лице. После тоа, второпријавениот - управител на шестопријавеното правно лице, извршил уплата на наведениот износ на петтопријавеното правно лице. Потоа, првопријавениот наведениот паричен износ го пренасочил на трансакциската сметка на третопријавениот, кој пак го повлекол во готово од неговата трансакциска сметка. После тоа, четвртопријавениот - основач и управител на шестопријавеното правно лице, изготвил лажна фактура на износ од 1.749.190 денари со вклучен данок на додадена вредност од 266.826 денари за испорака на пластифициран лим на петтопријавеното правно лице, која првопријавениот ја употребил за пребивање на данок на додадена вредност од наплатената фактура од шестопријавеното правно лице. Со ова, второпријавениот преку поврат на данок на додена вредност се стекнал со противправна имотна корист од 276.750 денари на штета на Буџетот на Република Македонија, додека првопријавениот се стекнал со противправна имотна корист од 1.814.250 денари.

На 24.01.2019 година во 13.00 часот во Полициската станица Чаир, В.С.(72) од Скопје пријавил дека на 23.01.2019 година околу 17.00 часот на улица „Хо Ши Мин" бил нападнат и каснат од куче–скитник во пределот на десната потколеница.

Во текот на изминатиот ден (24.01.2019 година) на подрачјето на Секторот за внатрешни работи Скопје се случиле вкупно 16 сообраќајни незгоди од кои една сообраќајна незгода со тешки телесни повреди, осум сообраќајни незгоди со телесни повреди и седум со материјална штета. Во сообраќајните незгоди едно лице се здобило со тешки телесни повреди и 10 лица се здобиле со телесни повреди. Од преземените мерки и активности констатирано е дека 30 возачи управувале возила со брзина поголема од дозволената. Од сообраќај се исклучени девет возачи од кои: тројца возачи поради тоа што управувале возила под дејство на алкохол, пет затоа што управувале возила без да се стекнат со право за управување на моторно возило и еден возач затоа што бил возач-почетник. Исто така исклучени од сообраќај се и три возила бидејќи биле нерегистрирани. Санкционирани се седум возачи поради поминување на крстосница на црвено светло, двајца возачи поради недавање првенство на минување на пешаци, двајца возачи поради неправилно престројување, двајца поради недавање првенство на минување на возила во зона на крстосница, еден поради непоседување зимска опрема, двајца возачи поради неносење сигурносен појас при управување на моторно возило и седум возачи поради користење на мобилен телефон при управување на возило. Во однос на пешаците санкциониран е еден пешак поради поминување коловоз на црвено светло. Во текот на изминатиот ден издадени се 59 мандатни платни налози и 79 возила се подигнати со специјално возило "пајак".

На 24.01.2019 година во 11.00 часот во СВР Скопје било пријавено пукање од огнено оружје на улица „Благоја Стефковски". Д.З.(48) од Скопје, додека се движел од улица „Перо Наков" со патничко возило „Фолксваген Голф" со скопски регистарски ознаки, во кое сопатници биле неговиот брат Б.З.(50) и внукот С.З.(28), во близина на

приклучувањето на улица „Благоја Стефковски", од споредната улица со голема брзина друго патничко возило „Фолксваген Голф" со скопски регистарски ознаки, управувано од А.И.(39), во кое возило имало уште едно лице, удрило во возилото кое го управувал Д.З.. Веднаш потоа, зад нив застанало патничко возило „Алфа Ромео" со скопски регистарски ознаки, управувано од Б.И.(31) од село Сингелиќ, скопско, кој бил со уште едно лице. А.И. и Б.И. почнале да пукаат со пиштол кон возилото во кое биле Д.З., С.З. и Б.З., а потоа ги искршиле стаклата од возилото кое го управувал Д.З.. Со повреди се здобил Б.З., кој со возило на Итна медицинска помош бил пренесен во Градската општа болница „Св. Наум Охридски", каде му била укажана лекарска помош. По добивање на пријавата, полициски службеници веднаш излегле на местото на настанот. Во изјава пред полициските службеници С.З. кажал дека и тој пукал кон А.И. и Б.И. и бил приведен. По преземени мерки и активности бил пронајден и приведен и А.И.. Во 13.35 часот пријавено е дека и 13-годишниот син на повредениот Б.З.,, кој бил во возилото, бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", бидејќи се пожалил на повреди на главата. Се преземаат мерки за расчистување на настанот.

На 24.01.2019 година околу 22.00 часот во СВР Скопје од Бригадата за противпожара заштита било пријавено дека има пожар во стан на улица „Христо Татарчев" во Скопје, сопственост на Ј.Г.(69) од Скопје, со живеалиште на друга адреса. Од пожарот бил опожарен дел од дневната соба, а повредени лица нема. Пожарот бил изгаснат од екипа на Бригадата за противпожарна заштита Скопје. Увид ќе се врши во текот на денот. Во станот, според пријавеното, претходно било насилно влезено од непознато лице, односно било извршено претурање, но до сега не е пријавено дека нешто е одземено.

На 04.01.2019 година, на подрачјето на СВР Тетово (Тетово и Гостивар) откриени и со соодветни поднесоци законски санкционирани се над 60 различни видови сообраќајни прекршоци, за кои биле изготвени 43 мандатни и 19 прекршочни платни налози. Најмногу од поднесоците во Тетово се однесуваат на погрешно паркирање (14), управување без возачка дозвола (4), истечена регистрација (4) и друго, а во Гостивар најчест прекршок е неприлагодена брзина според условите на патот (7).

СВР Охрид поднесе кривична пријава против Д.Т.(21) од Скопје поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" и против Н.Ј.(19) од село Волково, скопско, поради постоење основи на сомнение за сторени кривични дела ,,неовластено производство и пуштање во промет на наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори" и ,,овозможување на употреба наркотични дроги". На 01.08.2018 година во Скопје првопријавениот му продал амфетамини на второпријавениот. На 04.08.2018 година во Охрид, на улица ,,7-ми Ноември", полициски службеници извршиле претрес во стан во кој под наем престојувал второпријавениот и пронашле и одзеле амфетамини и марихуана. Исто така, било утврдено дека на наведената локација Н.Ј. им овозможил на три лица од Скопје да конзумираат марихуана.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кичево поднесе кривична пријава против А.Л.(62) од Кичево поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „неовластено производство и пуштање во промет наркотични дроги, психотропни супстанци и прекурсори". На 15.03.2018 година околу 16.00 часот во Кичево, на улица „Јане Сандански", полициски службеници извршиле претрес во домот на пријавениот и пронашле и одзеле марихуана.

На 24.01.2019 А.К во СВР Битола пријави дека е оштетено предно ветробранско стакло од возило Мерцедес, сопственост на Конзулатот на Грција во Битола, паркирано на улица Елпида Караманди во Битола. Исто така, со тврд предмет е оштетен кровот на возило Опел

Гранд Ланд, сопственост на неговата сопруга, паркиран на улица Елпида Караманди, во Битола.

Надворешната канцеларија за криминалистички работи Кочани поднесе кривична пријава против против М.П.(29) и С.С.(20), двајцата од Кочани, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „овозможување на употреба на наркотични droги и психотропни супстанци". На 15.03.2018 при претрес кај нив е пронајдена марихауна.

На 24.01.2019 година во 21.10 часот во Полициската станица Центар, П.Х.(47) од Скопје пријавил дека истиот ден околу 20.15 часот на улица „Кеј Димитар Влахов" бил физички нападнат од непознато женско лице. Се преземаат мерки за целосно расчистување на случајот.

На 25.01.2019 година во 04.20 часот СВР Скопје било пријавено дека на булевар „Кирил и Методиј", Д.А.(22) од Скопје со употреба на физичка сила извршил оштетување на две стаклени врати на објектот во кој што е сместен Инфоцентарот на Европска Унија. Тој бил приведен во Полициската станица Центар и по целосно документирање на настанот против него ќе биде поднесена соодветна пријава.

На 25.01.2019 година во 06.40 часот во СВР Скопје, полициски службеник за внатрешно обезбедување на Министерството за економија пријавил дека во 04.00 часот на улица „Јуриј Гагарин" непознато лице ја искршило стаклената влезна врата на министерството. Пријавено е и оштетување на ретровизорот на возило „Поло", паркирано пред зградата на министерството.  Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.01.2019 година околу 13.00 часот пријавено е дека при изведба на градежни работи на мостот на Дреновска клисура Н.М.(45) од Тетово, паднал од мостот на висина од околу 5 метри и се здобил со тешки телесни повреди. По укажаната медицинска помош повредениот е задржан на лекување во ЈЗУ Општа болница – Кавадарци. Извршен е увид на местото на настанот.

На 24.01.2019 година во 08.10 часот во СВР Скопје Л.С.(46) од Скопје пријавил дека во периодот од 21.00 часот на 23.01 до 07.30 часот на 24.01.2019 година од улица „Џон Кенеди" непознат сторител го одзел неговото патничко возило „Пежо" со скопски регистарски таблици. Сторителот влегол во возилото и со клучот кој бил оставен на бравата го стартувал возилото. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.01.2019 година во Полициската станица Кавадарци, Г.К.(39) од Кавадарци пријавил дека околу 13.00 часот на улица „Цветан Димов" во Кавадарци нејзиниот малолетен син бил каснат на десната нога од куче скитник.

На 25.01.2019 година во 03.30 часот во СВР Скопје било пријавено дека во просториите на Катлановска Бања во село Катланово, скопско, неколку лица извршиле разбојништво и со закана со пиштол одзеле 10. 000 денари. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 24.01.2018 година околу 15.45 часот во СВР Скопје било пријавено дека во маркет до спортската сала „Расадник" лицето В.П.(37) од Скопје земало неколку прехранбени продукти и  се обидело да избега. Вработената го забележала и се обидела да го спречи, но тој ја удрил и почнал да бега, но бил спречен од случајни минувачи и задржан. По целосно документирање на случајот, против В.П. ќе биде поднесена соодветна пријава.

СВР Штип поднесе кривична пријава против Д.И.(19) од Штип поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „разбојништво" и две кривични дела „тешка кражба на дрзок начин". На 23.11.2018 година во Штип на улица „Вера Циривири Трена" пријавениот

од раце и го одзел паричникот на Л.К.(60) од Штип. Истиот ден во Штип на улица „Стојан Рибата" пријавениот од раце и го одзерл паричникот на Д.Г.(70) од Штип. На 27.11.2018 година околу 17.40 часот во Штип на улица „Стојан Рибата" пријавениот физички ја нападнал Б.Ц.(58) од Штип и и ја одзел чантата.

СВР Штип поднесе кривична пријава против С.К.(30) од село Таринци, општина Карбинци, поради постоење основи на сомнение за сторено кривично дело „предизвикување на општа опасност". На 10.11.2018 година во 21.10 часот во Штип на улица „Маршал Тито" од возило во движење пријавениот испукал неколку куршуми од пиштол, но не повредил никој. Следниот ден, тој и возилото биле пронајдени.

СВР Охрид поднесе кривична пријава против И.Н.(34) од Охрид поради постоење основи ан сомнение за сторено кривично дело ,,бесправно градење". На 08.01.2019 година во Охрид на улица ,,Охридска бригада", при инспекциски надзор од градежен инспектор од општина Охрид, било констатирано дека на наведената локација, пријавениот, како инвеститор, изградил куќа без одобрение за градба.


## МИНИСТЕРСТВО

» Министер (/profilepage/minister)

» Заменик министер (/profilepage/zamenik-minister)

» Државен секретар (/profilepage/drzhaven-sekretar)

» Биро за јавна безбедност (/page/biro-za-javna-bezbednost)

## АНАЛИЗИ И СТАТИСТИКИ

» Сообраќај (/analizistatistiki/soobrakjaj)

» Јавен ред и мир (/analizistatistiki/javen-red-i-mir)

» Гранични работи (/granichni-premini)

» Криминалитет (/analizistatistiki/kriminal)

## ИНСТИТУЦИИ

» Влада

инте

» Претседател

» Собрание

» Јавно обвинителство (http://www.jorm.org.mk/)

» Центар за обука (/profilepage/pomoshnik-minister-co)

## ОСТАНАТИ ЛИНКОВИ

» Фото галерија (/foto-galerii)

» Видео галерија (https://www.youtube.com/user/MV

» Закажување со лични документи (/kontakt-centar)

» Адреси и контакт телефони (/Upload/Documents/Adresi-i-kontakt-telefoni.pdf)

» Архива (http://www.mvr.gov.mk/DesktopDe tabindex=0&tabid=127)


Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.

тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет

(https://www.facebook.com/makedonskapolicija/) (https://www.youtube.com/user/MVRMacedonia1231)